РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
Бр. 02-8770/1
13-08-2019 201 __ год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 17 став (3) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и 143/19) и член 37 став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" број 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, на ден 13.08.2019 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта број 02-11513/1 од 29.11.2017 година и бр. 02-4102/1 од 02.04.2018 година и тоа:
Во глава III. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ДАВАТЕЛИТЕ НА УСЛУГИ, во членот 15, алинејата 4 се брише.

Член 2

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА, кај работното место реден број и шифра 1.КДР0102Б01019 "Самостоен советник на Директорот од областа на одржување, заштита на патиштата и наплата на патарина", во делот "вид на образование" зборовите "правни науки" се менуваат со зборовите "архитектура, урбанизам и планирање".

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. __________/

година

ДИРЕКТОР
Зоран Китанов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА СКОПЈЕ